Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2018-2020

**Подготвува и издава**:
Управа за јавни приходи
бул. „Кузман Јосифовски - Питу” бр.1, 1000 Скопје
www. ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

**Дата на издавање**:
12.01.2018 година

**Уредници**:
Весна Срцева - Сектор за стратешко планирање, анализа и статистика
Весна Новаковиќ - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

**Дизајн и припрема**:
Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност

**Наслов**:
Стратешки приоритети на Управата за јавни приходи за периодот 2018-2020 година
Бр: 16-58/3
http://www.ujp.gov.mk/mk/osnovni_dokumenti/category/112

**2018 © Управа за јавни приходи**
Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

354.21.075.5:336.22(497.7)”2016/18”

СТРАТЕШКИ план [Електронски извор] : 2018-2020 / [уредници Весна Срцева, Весна Новаковиќ]. - Скопје : Управа за јавни приходи на Република Македонија, 2018

Начин на пристап (URL):
http://www.ujp.gov.mk/mk/osnovni_dokumenti/category/112. - Текст во PDF формат, содржи 24 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 31.01.2018

ISBN 978-608-4592-92-1

а) Управа за јавни приходи - Стратешки планови - Македонија - 2018-2020
COBISS.MK-ID 106018826

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................4

ВИЗИЈА....................................................5

МИСИЈА....................................................5

ВРЕДНОСТИ....................................................6

НАДЛЕЖНОСТИ....................................................7

ПРАВНА РАМКА....................................................8

ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА....................................................9

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ....................................................10

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ....................................................11

БОРБА ПРОТИВ ДАНОЧНИ ИЗМАМИ И НАМАЛУВАЊЕ НА СИВА ЕКОНОМИЈА.............16

УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ – МОБИЛИЗАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ......................19

# ВОВЕД

Стратешките приоритети на Управата за јавни приходи (УЈП) ги содржат основните развојни компоненти чија реализација е планирана во периодот 2018 - 2020 година. Документот ги обезбедува генералните насоки како приоритетни цели, мерките кои треба да се преземат за нивно реализирање и активностите, кои со доследна примена од страна на вработените и со обезбедено соодветно финансирање, ќе обезбедат не само реализација на основната мисија и визија на институцијата, туку ќе претставуваат и темел за изградба на современ даночен орган со висок углед и интегритет кај даночните обврзници, домашната и меѓународната јавност - доверба во професионалноста, ефикасноста, транспарентноста и услужната ориентираност.
Документот е усогласен со:

1) Програма на Владата на Република Македонија за периодот 2017-2020 година
2) Национална „Програма за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021" (Декември 2017 година)
3) ИПА II „Секторски плански документ за реформа на секторот за управување со јавните финансии" (Нацрт, Март 2017 година)
4) Годишна акциска програма на Република Македонија за 2018 година за ЕУ поддршка на управувањето со јавните финансии (ПФМ) (Нацрт, Декември 2017 година)
5) Извештај за напредок на РМ на Европската Комисија за 2016 година
6) Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА 2017-2019)
7) Нацрт-заклучоци од 14-ти состанок на Подкомитет за трговија, индустрија, царини и даноци (Брисел, 23.11.2017 година)
8) „ТАДАТ - Извештај од оценката на работењето на УЈП", ММФ - Оддел за фискални работи (Јули 2016 година)
9) Извештај „Проценка на јавните расходи и финансиската отчетност во РМ (ПЕФА)", Министерство за финансии и DFC International Consultants (Декември 2015 година)
10) Извештај „Реформа на даночната управа 2015-2020", ММФ - Оддел за фискални работи (Февруари 2015 година)
11) Стратешки план на УЈП 2017-2019 година
12) Буџет на Република Македонија за 2018 година
13) Годишен план за јавни набавки на УЈП (Нацрт, Декември 2017 година)

# ВИЗИЈА

Да станеме модел на професионална организација препознатлива според најдобрите практики и стандардите за квалитет.

# МИСИЈА

Да обезбедиме висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки.

# ВРЕДНОСТИ

За да ја оствариме нашата визија продолжуваме да го зајакнуваме административниот капацитет и да ги подигнуваме квалитативните стандарди во работењето. Започнавме да внесуваме нова клима во работењето на даночната администрација, која подразбира квалитетно и транспарентно работење и одговорност за резултатите. Управата за јавни приходи креира единствена политика за подобрување на квалитетот на услугите, обезбедување на поедноставни даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и другите јавни давачки во Република Македонија.

Во остварување на своите деловни активности, Управата се обврзува да негува отворен и одговорен пристап кон даночните обврзници, вработените, институциите на државата, меѓународните организации и целокупната општествена заедница. Со исполнувањето на меѓународните стандарди за современо работење и на ИСО 9001:2008, ќе се создадат услови за подобрување на управувањето на работните процеси и раководењето со човечките ресурси што се очекува да резултира со подигнување на продуктивноста и на севкупното работење на институцијата.

Управата за јавни приходи воспоставува ефективен систем за управување со квалитет, преку негување на следните вредности:

- **Професионалност** која обезбедува законски, објективен, ефикасен, едноставен и еднаков однос кон сите даночни обврзници и користење на податоците за даночните обврзници само за целите во надлежност на УЈП.
- **Услужност** која на даночните обврзници им обезбедува брз и лесен пристап до информациите кои им се потребни за навремено и законско исполнување на даночните обврски.
- **Грижа за човечкиот капитал** преку промовирање и поттикнување на лидерството, објективно вреднување на вештините и на знаењето, но и на времето и вложениот труд на вработените
- **Управување и раководење** врз основа на внатрешните и надворешните потреби на корисниците на услугите (ИСО 9001:2008 системот за квалитет) и утврдените рицизи во сите сфери на работењето во институцијата.
- **Борба против корупцијата и неплаќачите на данок** раководејќи се од основните уставни права дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

А од даночните обврзници истовремено очекува:

- Искреност и чесност во меѓусебната соработка
- Навремено доставување на точни и целосни информации кои се потребни за водење на постапките
- Плаќање на даноците во законски пропишаните рокови
- Водење на книгите и евиденциите на пропишан начин
- Редовно известување за промените на основните податоци

# НАДЛЕЖНОСТИ

Управата за јавни приходи функционира единствено на територијата на Република Македонија.
Врз основа на Законот за Управата за јавни приходи, ги извршува управните и други стручни работи кои се однесуваат на делокругот на нејзиното работење, како и работи кои произлегуваат од посебните даночни закони. Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика, го води единствениот даночен регистар и даночните евиденции на даночните обврзници, прима даночни пријави, ги утврдува, врши наплата и поврат на даноци, социјални придонеси од плата и други јавни давачки, врши инспекциски надзор, им дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.
Надлежностите на Управата за јавни приходи се проширени со работите кои се однесуваат на управувањето и извршувањето заради наплата на парични казни и трошоци изречени во парнични, прекршочни и управни постапки во корист на Република Македонија, на утврдувањето и наплатата на други јавни давачки доверени со закон или по склучен договор со надоместок кој е приход на Република Македонија, на надзор над примена на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и постапки кои произлегуваат од Законот за минералните суровини.

Посебноста на Управата за јавни приходи се манифестира преку нејзината значајна улога во обезбедувањето средства во Буџетот на Република Македонија со што го обезбедува остварувањето на функциите на државата, а кои во зависност од надлежностите, во последните години се движат околу 62%-68% од проектираните Приходи на Основниот Буџет и фондовите. Со проширување на надлежностите над наплатата на прекршочните глоби и казни и радиодифузната такса, таквиот придонес се зголемува.

# ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за работењето на УЈП, општото даночно право и даночната управна постапка се дефинирани во два акта – Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка.

Законот за Управата за јавни приходи, кој е донесен во Септември 2005 година, а потоа дополнуван, како и новиот Закон за УЈП кој е донесен во Март 2014 година, претставува правна рамка која го одредува делокругот, начинот на финансирање, организацијата и раководењето, како и должностите, овластувањата, одговорностите, но и правата на вработените при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на УЈП.

Со Законот од месец Март 2014 година, се воведе класификација на сите работни места со што се утврдија различните нивоа на работни места и звања на даночните службеници и потребните квалификации и компетенции за нив. Со овој закон е воведен "интерниот конкурс" како начин на остварување на унапредувањата и регулиран е начинот на оценување на вработените, доделувањето на награди и признанија, дисциплинската одговорност и следењето на напредокот во нивната кариера.

Со Законот за даночна постапка, кој е донесен во Јануари 2006 година и со измените и дополнувањата во следните години, на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници, постапката по жалба, водењето на прекршочната постапка и прекршочните одредби.

Со наведената правна рамка се обезбедува можност за засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и за борба против одбегнување на плаќање даноци.

# ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице.
Со состојба на 31.12.2017 година, бројот на вработените лица во УЈП изнесува 1.230.

Управата за јавни приходи работите од својот делокруг ги извршува преку:

- Генерална дирекција Скопје;
- Дирекција за големи даночни обврзници Скопје;
- Регионални дирекции (6) - лоцирани во Скопје, Битола, Прилеп, Штип, Струмица и Тетово;
    - Даночни одделенија (17) - лоцирани во Охрид, Струга, Ресен, Кавадарци, Велес, Неготино, Куманово, Крива Паланка, Кочани, Виница, Свети Николе, Берово, Гевгелија, Радовиш, Гостивар, Кичево и Дебар;
    - Постојани даночни шалтери (7) - лоцирани во Демир Хисар, Македонски Брод, Крушево, Кратово, Делчево, Пробиштип и Валандово; и
    - Мобилни даночни шалтери кои ги опслужуваат општините каде не постои финансиско оправдување за нивно постојано лоцирање.

Во текот на 2017 година, УЈП отпочна со имплементација на проектот за развој и реинженеринг на работните процеси со цел воведување на нов интегриран даночен ИТ систем. Дополнително, имплементирањето на Програмата за модернизација на УЈП, на Програмата за реформа на управување со јавни финансии и на планираните реформи во даночниот систем во наредниот период, неминовно ќе доведе до потреба од усогласување на организациската структура, реалокација на човечките ресурси и нов профил на даночни службеници согласно потребите на работните процеси и потребата од соодветно управување со промените, со цел воспоставување на електронска даночна администрација.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Управата за јавни приходи ги постави следните стратешки приоритети и цели за периодот 2018-2020 година:

- **Зајакнување на административните капацитети**
  - ✓ Систем за управување со квалитет
  - ✓ Управување со човечки ресурси и зајакнување на капацитетот на вработените преку едукација и размена на искуство
  - ✓ Подобрено администрирање и управување со долгови
  - ✓ Управување со ризикот на усогласеноста

- **Борба против даночни измами и намалување на сивата економија**

- **Управување со јавни финансии-мобилизација на приходите**
  - ✓ Зајакнување на оперативните капацитети и работните процеси за наплата на приходи преку модернизирање на даночниот ИТ систем
  - ✓ Воспоставување на Центар за обнова во случај на катастрофа

Трите основни развојни компоненти се во насока на постигнување на нашата мисија и визија, но и поддршка и обезбедување на реална имплементација на реформските процеси на даночниот систем, планирани во националните програми на Република Македонија и програмите за модернизација на Управата за јавни приходи.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Очекувани резултати од програмата

# Цел

Показатели за успех на програмата

Цел

Очекувани резултати од програмата

Цел

Показатели за успех на програмата

**Цел** - Градење на капацитети на даночната администрација за администрирање на даночни приходи и придонеси и за обезбедување на квалитетни услуги на корисниците, унапредување на вештините и знаењето на даночните службеници, управување со промени заради поддршка на даночните реформи и модернизацијата - електронска даночна администрација

**Очекувани резултати** - Воспоставување на систем за управување со квалитет, реорганизација и унапредување на управувањето со човечките ресурси во насока на поддршка на даночните реформи и модернизацијата - електронска даночна администрација

**Показател за успех** - Зголемување на степенот на задоволство на корисниците на даночни услуги и на вработените во УЈП, подобрување на доброволната наплата на даночни приходи и придонеси и на управувањето со даночни долгови.

## 1) Систем за управување со квалитет

- ✓ **Сертификација на УЈП (ИСО систем за управување со квалитет)**
  *Цел*: Усогласувањето со стандардите за управување со квалитет ИСО, ќе овозможи создадавање на услови за подобрување на управувањето на работните процеси и раководењето со човечките ресурси што се очекува да резултира со подигнување на продуктивноста и на севкупното работење на институцијата.
  *Компоненти*: 1) Сертификација на системот за управување со квалитет според ИСО стандардот во УЈП; 2) Усогласување на процедури/документи/записи со ИСО систем за управување со квалитет; 3) Истражување на задоволството на даночните обврзници од страна на независна куќа.
- ✓ **Кориснички ориентирана околина**
  *Цел*: Воспоставување на модерна кориснички ориентирана околина во даночните канцеларии.
  *Компоненти*: Подобрување на работните услови, на енергетска ефикасност и на управувањето со странки во Даночните одделенија Гостивар, Кичево, Гевгелија, Кочани и Куманово, Регионална дирекција Тетово и Генерална дирекција Скопје.
- ✓ **Консолидирање на работни станици** (хардвер и софтвер за виртуелизација, ИТ опрема)
- ✓ **Унапредување на безбедноста на ИТ системите на УЈП** (хардвер и софтвер)
- ✓ **Подигање на капацитетот на проток на мрежата**
- ✓ **Консолидирање на базите на податоци од постојните ИТ системи/подсистеми во единствена база на податоци** (подготовка на податоците за цели на транзиција кон нов интегриран даночен ИТ систем)
- ✓ **Нова веб страница на УЈП www.ujp.gov.mk**

**Показател за успех**: 1) Број на усогласени документи/записи со ИСО системот за управување со квалитет; 2) Процент (%) на задоволство на корисниците на услуги на УЈП; 3) Процент (%) на задоволство на вработените во УЈП.
**Потребни ресурси**: Буџет 2018 = 81.000.000 МКД, 2019 = 140.200.000 МКД
**Временска рамка**: 2018 - 2020

## 2) Управување со човечки ресурси и зајакнување на капацитетот на вработените преку едукација и размена на искуство

✓ **Управување со човечки ресурси**
*Цел*: Поддршка на процесите за реформа на управување со јавни финансии, модернизација и управување со промени во УЈП.
*Компоненти*: 1) Унапредување на организацијата која ќе ги следи и поддржува промените и модернизацијата на УЈП; 2) Имплементација на Стратегија за човечки ресурси на УЈП.

✓ **Зајакнување на капацитетот на вработените преку едукација и размена на искуство**
*Цел*: Унапредување на знаењето и вештините на вработените, со цел поддршка на процесот на даночна реформа, модернизација и ефикасна организација на Управата за јавни приходи.
*Компоненти*: 1) Унапредување на едукативни програми преку Даночна академија; 2) Учество во програмите на ЕУ и техничка помош од меѓународни организации (IOTA; FISCALIS 2020; CEF; TAIEX; Меѓународен монетарен фонд).

**Показател за успех**: 1) Процент (%) на реализација на едукативните програми предвидени со Годишниот план за едукација на Даночна академија; 2) Процент (%) на искористеност на влезниот билет за ФИСКАЛИС 2020; 3) Процент (%) на учество на настани предвидени со Годишната програма на ИОТА; 4) Процент (%) на учество на настани предвидени со Годишната програма на ЦЕФ; 5) Број на поднесени / Број на одобрени TAIEX апликации.
**Потребни ресурси**: Буџет 2018 = 3.125.090 МКД, 2019 = 3.225.090 МКД, 2020 = 3.525.090 МКД и Национален фонд 2018 = 1.450.000 МКД, 2019 = 1.400.000 МКД, 2020 = 1.400.000 МКД
**Временска рамка**: 2018 - 2024

## 3) Подобрено администрирање и управување со долгови

✓ **Зајакнување на постапките за наплата на долгови**
*Цел*: Зголемена ефикасност и делување по истекот на рокот за плаќање на долговите.
*Компоненти*: 1) Опомени / известување за неплатен долг преку Контакт ценатрот за сите видови даноци; 2) Рано преговарање за начините за плаќање и одложувањето на плаќањата, вклучувајќи и унапредување на вештините на вработените.

- ✓ **Подобро управување со акумулирани даночни долгови**
  *Цел*: Намалување на вкупните даночни долгови во однос на вкупната годишна наплата на приходи.
  *Компоненти*: 1) Профилирање на долговите и утврдување на реалната вредност на ненаплатливиот даночен долг; 2) Таргетирање на наплатливи долгови; 3) Спроведување на постапки за отпис на долгови.
- ✓ **Подобрување на администрирањето на данокот на добивка (задржан данок согласно договорите за одбегнување на двојно оданочување)**

**Показател за успех**: Вкупните даночни долгови / Вкупната годишна наплата на приходи
**Временска рамка**: 2018 - 2020

## 4) Управување со ризикот на усогласеноста

Воспоставувањето на систематски пристап и подобрување на управување со ризикот на усогласеност ќе се врши преку реализација на компонентите планирани во рамките на следните активности:

- ✓ Институционализирано управување со ризикот на усогласеноста преку зајакнување на капацитет на Единицата за управување со ризикот на усогласеност;
- ✓ Поддржување на процесот на донесување одлуки врз основа на податоци од Единицата за управување со ризикот на усогласеност;
- ✓ Развивање и спроведување на координирани кампањи на усогласеност; и
- ✓ Развивање на долгорочни стратегии и програми за усогласеност во УЈП.

**Показател за успех**: 1) Специјализација и назначување на конкретни улоги и одговорности на секој вработен во Единицата за управување со ризикот на усогласеност; 2) Стандардизирани извештаи, индикатори и формати со кои ќе се известува до Советот за управување со усогласеноста; 3) Регистар на ризици со придружна анализа; 4) Анализа на стапката на усогласеност; 5) Структурирани годишни извештаи за трендовите на усогласеност со вклучени препораки; 6) Годишна компаративна анализа на ризиците во индустриите со цел да се информира околу поставувањето на приоритетите во новите кампањи.
**Временска рамка**: 2018 - 2020

# БОРБА ПРОТИВ ДАНОЧНИ ИЗМАМИ И НАМАЛУВАЊЕ НА СИВА ЕКОНОМИЈА

**Цел** - Воспоставување на ефикасна институционална структура, процеси и механизми за откривање и борба против даночните измами, за идентификување и формализирање на неформалната економија.

**Очекувани резултати** - Подобрување на соработката со други институции и координација на активностите во случаи на даночни измами и детекција на неформалната економија, подобра детекција на случаи на даночни измами и случаи на неформална економија, намалување на број на субјекти кои делуваат во сферата на неформалната економија.

**Показател за успех** - Дефиниран модел на соработка на УЈП со Управата за финансиска полиција и други истражни органи во случаи на даночни измами, Акционен план за откривање и третман на неформалната економија со цел остварување на приоритетите од Стратегијата за формализирање на неформалната економија и Стратегија за справување со исплатите во готово, нови процедури за постапување на даночните инспекторати при спроведување на контроли согласно Законот за регистрирање на готовински плаќања и контроли на нерегистрирани даночни обврзници.

**Временска рамка**: 2018-2020

Очекувани резултати од програмата

Цел

Показатели за успех на програмата

Цел

Очекувани резултати од програмата

Цел

Показатели за успех на програмата

Превентивното делување, градење на системски и координиран институционален пристап, вградувањето на ефикасни мерки насочени кон борба против даночни измами и кон формализирање на неформалната економија, е во насока на зголемување на бројот на регистрирани даночни обврзници и на самооданочувањето, од една страна, и намалување на ризиците за наплата на даночните приходи, на даночните измами и сивата економија, од друга страна.

Мерки и активности насочени кон борба против даночни измами и формализирање на неформалната економија:

- ✓ Унапредување на соработката помеѓу Управата за јавни приходи и истражните органи во бробата против даночните измами;
- ✓ Стратегија за формализирање на неформалната економија (носител Министерство за труд и социјална политика);
- ✓ Стратегија за справување со исплатите во готово (носител Министерство за финансии);
- ✓ Унапредување на процедурите и контролните мерки на УЈП во спроведување на Законот за регистрирање на готовински плаќања;
- ✓ Унапредување на процедурите и мерки на УЈП за откривање на нерегистрирани даночни обврзници, односно регистрација, промена на податоци и бришење на даночен обврзник.

# УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ – МОБИЛИЗАЦИЈА НА ПРИХОДИТЕ

**Подобрена стабилност, ефикасност и квалитет на системот за наплата на приходи (даночен систем и политика)**

**Цел** - Да се подобри реализацијата на наплатата на даночните приходи и да се обезбеди долгорочна стабилност на ИТ системите во случај на криза.

**Очекувани резултати** - Поедноставување на даночните постапки, вклучувајќи пријавување и плаќање, преку намалување на бројот на административните постапки и трошоци, подобрување на даночните услуги со цел поддршка на самостојно пресметување и квалитетни информации за сите засегнати страни, како и обезбедување долгорочна финансиска стабилност на системот за УЈП во случај на криза.

**Показател за успех** - Подобрени даночни услуги и постапки и обезбедување стабилност на системите за УЈП во случај на криза.

## 1) Зајакнување на оперативните капацитети и работните процеси за наплата на приходи преку модернизирање на даночниот ИТ систем

✓ **Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на Персонален данок на доход за физички лица**

*Цел*: Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на персоналниот данок на доход за даночните обврзници, и тоа за правните лица преку намалување на административните процедури и трошоците поврзани со пресметките и плаќањето на даноците, како и за граѓаните (физички лица) во смисла на обезбедување на поголема сигурност дека персоналниот данок на доход се плаќа од страна на правни лица и намалување на административниот товар при поднесување на даночни пријави од страна на граѓанинот.

*Компоненти*: 1) Електронско поднесување на пресметка за сите исплати на личен доход преку e-pdd.ujp.gov.mk, освен исплатата на плата; 2) Издавање на пополнета Годишна даночна пријава од УЈП.

✓ **Подобрени услуги на Контакт центарот и Даночните шалтери**

*Цел*: Целосно воспоставување на модерен Контакт / Повикувачки центар на УЈП и зајакнување на капацитетите на даночните шалтери, со цел подобрување на перформансите и поквалитетни услуги кон даночните обврзници. Обезбедување на соодветни средства за воспоставување на ефективни методи за информирање и алатки за комуникација, со цел обезбедување на подобри услуги на даночни обврзници и околина прилагодена на потребите на корисникот, во рамките на новиот Контакт / Повикувачки центар.

*Компоненти*: ИТ опрема за зајакнување на капацитетот на Контакт / Повикувачкиот центар на УЈП.

✓ **Реинженирани деловни процеси за новиот даночен интегриран ИТ систем**

*Цел*: Подобрување на административниот капацитет на УЈП и натамошен развој на ефективни работни процеси на чија основа ќе биде изграден новиот интегриран ИТ систем, а истовремено ќе осигура намалување на трошоците за наплата на даноци и подобар квалитет на услуги кон даночните обврзници и кон трети страни.

*Компоненти*: 1) Редизајн и реинженеринг на процесите со цел да се добие функционален интегриран ИТ систем на УЈП усогласен со стандардите и барањата на ЕУ; 2) Дефинирање на кориснички барања за имплементација на новиот интегриран ИТ систем на УЈП; 3) BMP софтвер и лиценци.

✓ **Нов даночен интегриран ИТ систем**

*Цел*: Модернизирање на даночниот ИКТ систем, обезбедување на поквалитетни услуги за сите страни (даночни обврзници - правни лица, вршители на дејност и граѓани; институции во Република Македонија и на земјите-членки на ЕУ) преку реорганизација на системот за управување и нов интегриран даночен ИТ систем во УЈП.

*Компоненти*: 1) Нов даночен интегриран ИТ систем СОФТВЕР; 2) Техничка поддршка за контрола на квалитет при имплементација на новиот интегриран даночен ИТ систем; 3) Проектирање и надзор на градежни работи за ИТ систем сала за новиот даночен интегриран ИТ систем; 4) Изведување на градежни работи - ИТ систем сала за новиот даночен интегриран ИТ систем; 5) Нов даночен интегриран ИТ систем ХАРДВЕР; 6) Надградба на постојните потсистеми на УЈП.

✓ **Систем за утврдување на ризици (RES) за надворешна контрола**

*Цел*: Воспоставување на објективна и точна селекција на даночни обврзници за контрола, преку унапредување на процесот на анализа на ризик во надворешната контрола и управувањето со ризикот на усогласеноста кај даночните обврзници.

*Компоненти*: Софтвер за евалуација на ризици - РЕС (Risk Evaluation System – RES).

## 2)Воспоставување на Центар за обнова во случај на катастрофа

*Цел*: Обезбедување на долгорочна финансиска стабилност на Буџетот на РМ, непречено функционирање на даночниот систем и осигурување на безбедност на податоците и системите на УЈП, создавање на реплика на ИКТ системи и бази на податоци, со цел обезбедување на континуитет на основните деловни процеси и услугите на УЈП во случај на кризи / катастрофи преку воспоставување на Центар за обнова во случај на катастрофа.

*Компоненти*: 1) Обезбедување на локација и просторни услови за Центарот, надвор од Скопје; 2) Хардвер и софтвер.

**Показател за успех**: 1) Процент (%) на дигитализирани даночни услуги (2017 – 40%; 2022 – 60%; 2024 – 80%); 2) Континуитет на работните процеси и стабилност на електронските системи на УЈП за податоците и работните процеси, во случај на криза (2017 – Делумен Back-up на податоци овозможен; 2022 - 80% Континуитет на работните процесите; 2024 - 100% Континуитет на работните процесите); 3) Број на ИТ лица / Вкупен број на вработени.
**Потребни ресурси**: Буџет 2018 = 81,074,000 МКД, 2019 = 251,435,000 МКД, 2020 = 82,850,000 МКД; ИПА 2 Програма = 403,700,000 МКД; Донација 22,000,000 МКД
**Временска рамка**: 2018 - 2024

* * *

За предвидениот развој и реализирање на националните програми и Стратегијата на УЈП за периодот 2018-2020 година, во Управата се предвидува вработување на 35 лица годишно во следните три години, кој истовремено треба да го надоместат и природниот одлив на кадри.
Ефикасно управување со човечките ресурси (2018-2021 = 141,000,000 МКД) треба да обезбеди зајакнување на функциите и на капацитетите на УЈП за спроведување на планираните даночни реформи и модернизација и истовремено надминување на постојните слабости на даночната администрација.

За остварување на стратешките приоритети и проектите на УЈП во периодот 2018-2020 година, потребни се финансиски средства, и тоа: 2018 = 165,199,090 МКД, 2019 = 409,860,090 МКД, 2020 = 101,375,090 МКД, во кои не е вклучена донаторската помош.

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax-fl.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

e-aukcii.ujp.gov.mk

ISBN 978-608-4592-92-1